# МЕНАЏИРАЊЕ НА ЈАВНИТЕ ОБВИНИТЕЛСТВА/ПРИМЕНА НА ДОБРИ ПРАКТИКИ И СТАНДАРДИ НА ЕТИЧКО ПОСТАПУВАЊЕ

М-р Оливера Нечаковска
Основен јавен обвинител
ОЈО Битола

# Менаџирање на јавните обвинителства

- Менаџирањето на јавните обвинителства опфаќа менаџирање на односите помеѓу
  - *ЈО и администрацијата во рамките на ОЈО*
  - *ОЈО и судската власт*
  - *ОЈО и правосудната полиција*
  - *ОЈО со одбраната/обвинетите*
  - *ОЈО со оштетените*
  - *ОЈО  со медиумите*

# Менаџирање на јавните обвинителства

- Задолжително почитување **СЕКОГАШ И СЕКАДЕ** на принципите на
  - *самостојност;*
  - *непристрасност;*
  - *интегритет;*
  - *спречување на судир на интереси;*
  - *ефикасност и стручно постапување;*
  - *професионалност;*
  - *достоинство и*
  - *воздржаност*

***Чл. 4 од Етичкиот кодекс на јавните обвинители на РМ***

# Менаџирање на односите во рамките на ЈО

- Успешното и ефикасно функционирање на јавните обвинителства особено зависи од ефикасното и координирано функционирање на ЈО/администрацијата како колектив
- Принципите на непристрасност, ефикасност, стручно постапување и професионалност се клучни
- Писарницата е првиот контакт на странките со ЈО/Вработените во администрацијата ја градат сликата за правосудството/Влијаат врз угледот на ЈО
  - *Професионално однесување и еднаков пристап кон сите странки*
  - *Културно, достоинствено и однесување со почит спрема странките*
  - *Вниманието насочено кон странките/Помош на странките во остварувањето на нивните права*
  - *Давање точни информации*
  - *Доверливост*
  - *Забрана за политичко дејствување/агитирање*
- Проблем се недоволните човечки капацитети со кои располагаат обвинителствата
  - *Во ОЈО Битола во моментот има 4 ЈО и администрација од 9 вработени/2023 година се заврши со по околу 1000 предмети заведени во КО и РО уписниците*
  - *Недоволно персонал за јасна и прецизна поделба на работни задачи*
    - Често користење на одредбата во годишниот распоред - секој вработен е должен освен работните задачи од работното место на кое е формално вработен, да врши и други работни задачи доделени од страна на Основниот јавен обвинител
    - Мора да се најде начин да се мотивираат вработените правилно, навремено и совесно да ги вршат сите работни задачи
    - Флексибилност во користење на годишни одмори, team-building активности, напори за унапредување преку интерни огласи и слично од една страна, но и запазување на професионалните граници помеѓу ЈО и стручната служба од друга страна (Секоја алка од синџирот е битна, но мора да постои точно определена хиерархија/команден синџир)

# Менаџирање на односите во рамките на ЈО

- Покрај недоволниот број на ЈО, проблем е и законската одредба од чл. 62 ст. 2 од Законот за јавното обвинителство
- Прашањето за организирање на работата за време на дежурства при потреба да се преземаат дејствија во редовна постапка
- ”Младите” ЈО постапуваат на дежурство во сите предмети, согласно чл.40 ст.4 од ЗКП (и стварно ненадлежен ЈО може да презема итни и неодложни дејствија/ако постои опасност од одлагање)
- Се внимава при распределбата на предмети согласно годишниот распоред за работа овие ЈО да добиваат само предмети во скратена постапка/ замена со поискусни ЈО
- Промената на ЈО во текот на постапката може да создаде сомнеж кај странките за непристрасноста и професионалноста во постапување
- Прашање дали ваквата одредба има позитивни или негативни ефекти во зголемување на квалитетот и ефикасноста на постапувањето

# Менаџирање на односите со судската власт

- Проблемот со недостиг на кадар се прелева и во односите со судската власт
- Недоволниот број на ЈО и судии создава проблеми во ефикасното менаџирање со времето/одлагање на расправи заради зафатеност на ЈО и судиите/намалување на квалитетот на постапувањата
- Добра пракса е интерен договор помеѓу ЈО и судиите со распоред на судечки денови за секој ЈО
- Дополнително, во ОЈО Битола секој ЈО има еден ден определен само за испитување на странки во обвинителството – судиите се запознаени со тој распоред и соодветно го планираат и својот распоред
- Позитивен feedback главно од адвокатите/позитивно влијае врз зголемување на ефикасното и рационално искористување на ограничените ресурси и на ЈО и судовите/се олеснува и комуникацијата со адвокатите

# Менаџирање на односите со судската власт

- ЈО и судовите се дел од македонското правосудство
  - *Природна блискост како израз на функцијата на правораздавање во име на државата*
  - *Многу судии и ЈО се колеги од факултет/АСЈО*
  - *Често се посетуваат обуки во земјата и странство заедно*
- Чл.17 од Етичкиот Кодекс –Достоинство, воздржаност во односите со судовите
- ЈО се странка во постапката пред судот и јавноста мора да има доверба дека постои граница помеѓу професионалното и приватното во односите помеѓу ЈО и судиите/професионалност и интегритет во постапувањето
- Каде е границата помеѓу дозволени пријателски односи vs.однесување кое доведува до сомневање за пристрасност на судиите во корист на обвинителството
  - *Дали е во ред објавување слики по социјални мрежи од приватни дружби на ЈО и судии?*

# Менаџирање на односите со МВР

- Односите регулирани со законски и подзаконски прописи (ЗКП, Закон за внатрешни работи, Закон за полиција, Протокол за соработка помеѓу ЈОРМ и МВР...)
- МВР –орган за откривање КД и сторители на КД
- ЈО-орган за гонење на познати сторители на КД
- Проблем 1- раководната улога на ЈО во водењето на КП согласно ЗКП НЕ СМЕЕ да доведе до пасивност на МВР во преземање на дејствија за откривање на сторители на КД
- Проблем 2 – заобиколувањето на ЈО и самостојното делување може да доведе до злоупотреби/проблеми во докажувањето пред судовите
- Решение –периодични состаноци и писмени насоки за постапување на ОСЛ од правосудната полиција
  - *Насоки за постапување на ОСЛ на дежурство*
  - *Насоки за постапување во врска со обезбедување на видео записи како доказ во КП*
  - *Дополнување на насоките во зависност од практичните проблеми на терен*
- Проблем 3 – ситуациите на објавување во јавноста од страна на прес службата на МВР податоци од нивните постапувања кои реално го загрозуваат принципот на пресумпција на невиност/ понатамошниот тек на постапката и прибирање на доказите
- Проблем 4 -освен во ОЈО Скопје и ОЈО за ГОКК, во ниту едно друго ЈО нема функционални истражни центри
  - *За сериозните КД особено од областа на економскиот криминал, барање до СВР да се определат точно определени ОСЛ кои ќе работат на собирање докази во координација со ЈО*
  - *Ефикасноста на ова решение зависи од соработката на раководството на СВР*

# Менаџирање на односите со одбраната/обвинетите

- Одредби во ЗКП, ЕКЧП, Етичкиот Кодекс (чл.19), акти на меѓународни организации и тела
- Професионалност/воздржаност/непристрасност/интегритет
  - *Воздржаност/непристрасноста vs Моралната згрозеност на ЈО како човек од определени КД*
- Законитост во постапувањето во секоја фаза од постапката
- Најчести етички дилеми се јавуваат во овие односи
  - *Апсолутна забрана за прибавување на докази со кршење на определени права и слободи/ Ситуации во кои целта ги оправдува средствата?*
  - *Можности за злоупотреба – апсолутна обврска за почитување на основните човекови права и слободи независно од ситуацијата*
  - ***Gäfgen v. Germany*** *http://hudoc.echr.coe.int/eng#{%22appno%22:[%2222978/05%22]}*
  - *Во контекст на парламентарните/претседателските избори, што се случува со постапките во ОЈО каде осомничени се лица –кандидати за некоја од државните функции предмет на избори*
    - *Дали постапките треба да мируваат за да се избегне сомнеж за влијание врз текот на изборите, со оглед на презумпцијата не невиност или постапките да продолжат без оглед на изборите, зошто никој не смее да биде амнестиран од одговорност за сторен криминал/ризик од обвинувања за влијание врз изборите како и да се постапи од страна на ОЈО*

# Менаџирање на односите со одбраната/обвинетите

- Право на одбраната на увид во предметот како израз на обврската за законитост во постапувањето
  - *Дали правото на увид го покрива целокупниот предмет, вклучително и списи кои ЈО не планира/не може да ги користи во постапката пред суд (на. пример службени белешки од ОСЛ за разговор со граѓани) или само списите кои ќе се користат понатаму во постапката?*
  - *Во ОЈО Битола се дава увид на комплетниот предмет, заедно со полициските белешки/ Можност за злоупотреби од страна на одбраната на судење*
  - *Правото на увид ги опфаќа и записниците од исказите на сведоци во постапката/ЦД-ња со аудио-визуелниот запис од извршеното снимање на испитувањето*
  - *При тонско снимање на испитувањето на деца жртви, во ОЈО Битола секогаш се повикува и осомничениот/бранителот да го следи текот на испитувањето во посебна просторија опремена на монитор и звучници и поврзана со просторијата за испитување*
- Обврска за прибавување на докази за утврдување на правилна фактичка состојба/и во корист на обвинението и во корист на одбраната
  - *Пресуда на АС Битола дека ЈО погрешил што не го прифатил предлогот за определување на психијатриско вештачење на обвинет по чл.215 за да се утврди дали истиот е корисник на наркотични дроги/влијанието на неговата зависност врз неговата кривична одговорност*
  - *Дали ЈО има обврска да прибира докази кои според него не се релевантни за утврдување на фактичката состојба?*

# Менаџирање на односите со оштетените

- Обврска за заштита на интересите на оштетените/Обврска за професионалност и воздржаност
  - *ЈО треба да избегнува емотивна поврзаност со оштетените заради обезбедување на објективност на постапката*
  - *Рационалната и објективна проценка на доказите не смее да биде заматена од желбата да се помогне на оштетените/да се обезбеди одговорност по секоја цена*
  - *ЈО треба да избегнува емотивна поврзаност со оштетените  и заради заштита на сопственото ментално здравје особено кај најсериозните КД поврзани со крвните деликти*
  - *Во странство се повеќе истражувања за влијанието на работата врз менталното здравје на ЈО*
- Односот на ЈО со пријавителите кога постапката завршува со решение
  - *Незадоволството не се искажува само со жалба туку и со желба за средба лице в лице со надлежниот обвинител*
  - *Секој пријавител е убеден дека е во право/Незадоволството знае да ескалира и во расправија*
  - *Најчесто, ситуацијата се смирува ако се дозволи увид во доказите/ако ЈО покаже дека исцрпно ја разгледал пријавата/се објаснат причините за отфрлање на лаички/разбирлив начин/Битна е координацијата со ВЈО*

# Менаџирање на односите со медиумите

- Можеби најтешкиот дел од раководење на ОЈО
  - *Како да усогласи интересот на јавноста за постапувањето на ЈО особено во предметите кои предизвикуваат јавен интерес со принципите на презумција на невиност/воздржаност/тајност на предистражната/истражната постапка?*
  - *Феноменот на лажни вести/ширење погрешни информации/дезинформации не го одминува ни ЈО*
    - *Во трката за кликови на интернет, се заборава обврската за правилно информирање на јавноста*
  - *Во предмети каде се очекува засилен интерес од јавноста, во координација со прес службата на ЈОРМ, да се излезе со контролирано соопштение со кое нема да се наштети на понатамошната постапка*
  - *Координација со прес службата на МВР- да се спречат предвремени соопштенија од МВР кои можат да наштетат на постапката*
  - *Отвореност со новинарите во разумни граници/заштита на правата на оштетените и обвинетите/интегритетот на постапувањето*
  - *Јавноста да сфати дека има детали кои не треба/не смеат да се споделат и да има доверба дека ЈО нема за цел криење на факти/сторители на КД*

# ВИ БЛАГОДАРАМ НА ВНИМАНИЕТО

Прашања/Дискусија